

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ФЕВРУАРИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Глобалниот макроекономски пејзаж во изминатиот месец покажа разноликост. Додека податоците за економскиот раст беа позитивни во повеќето региони, загриженоста за инфлацијата продолжи да расте. Пазарите на трудот останаа силни, при што стапките на невработеност се одржуваа стабилни или остварија пад во дел од земјите. Сепак, се чини дека довербата на потрошувачите опаѓа во некои области, што потенцијално укажува на вознемиреност за идните економски услови. Генерално, економската состојба во февруари 2024 година се карактеризира со внимателен оптимизам.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во февруари оствари пораст од 4,17%. Во однос на регионите, S&P 500 индексот што ги прикажува американските акции и овој месец забележа најголем принос од 5,17%, задржувајќи се на врвот од почетокот на годината со пораст од 6,84%. Висок пораст во текот на февруари оствари и MSCI Emerging Market индексот кој ги опфаќа брзорастечките економии, изнесувајќи 4,63%, но сепак од почетокот на годината сè уште е со негативен принос од –0,27%.




- **Февруари**
- **Јан - Фев**

MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 оствари пораст од 5,22% во текот на февруари и од почетокот на годината бележи принос од 11,35%. Најголем принос во изминатиот месец повторно оствари Уни Банка чија цена на акцијата порасна за 12,15%, со што приносот за овие два месеци достигна 25,33%. Исто така, значителни високи приноси остваруваат и останатите банки кои се дел од структурата на индексот. Единствена акција која забележа пад беше Македонија Турист чија вредност се намали за 0,59%.




**Февруари**

**Јан - Фев**

*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Обврзниците во текот на минатиот месец повторно завршија на повисоко ниво, покажувајќи чувствителност на загриженоста за инфлацијата, заедно со геополитичките тензии кои произлегуваат од воените конфликти во светот. Дополнителни фактори на ова се коментарите на централните банки за нивната монетарна политика и основните каматни стапки. На крајот од февруари, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,36%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,71%.

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, минимален пораст во однос на еврото (EUR) оствари американскиот долар (USD) кој изнесуваше 0,12% и од почетокот на годината останува со најголем пораст од 2,16%. Останатите валути кои се дел од приказот забележаа намалување на вредноста споредено со еврото. Од нив најголем пад оствари швајцарскиот франк (CHF) кој изнесуваше 2,52%. Јапонскиот јен (JPY) има најголем пад во текот на изминатите два месеци кој достигна 3,95%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




**Февруари**

**Јан - Фев**

*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk